aeria GALERIA

# Антони Мазневски

12.12-22.12.01

**Антони Мазневски**, роден 1963 год., завршил на факултетот за ликовна уметност - Скопје, кај професор Душко Перчинков - 1991 год.

Студиски престој: 1995 - Австрија, 1997 - Америка.

Изложувал самостојно и групно во земјата и надвор од неа (Скопје, Риека, Салзбург, Њујорк, Минхен, Белград, Вајмар, Нинберг, Токио и Лоѓ).

Живее и работи во Скопје, ул. Мите Богоевски 73
Тел. 44 32 16
Мобил 070 27 50 49

---

На оваа нова самостојна изложба, нашиот оригинален ликовен уметник, Антони Мазневски, се претставува со објективирани содржини со кои се занимава околу десет години во сопствениот континуитет.

Изложбата ја сочинуваат ликовни прикази кои живеат во сетилниот круг на авторот. Тоа се отуѓени дела на сензибилната состојба, во кои занаетскиот допир на Мазневски се повикува и се отсликува во сопствената пластична слика на класични идеали. Овие сукцесивни артефакти, работени во дрво, метал, стакло и цртежи, ја претпочитаат *ракотворбата* како континуитет во нештата на материјалот.

Својата форма на нарација ја градат во присутноста на меките слоеви што ја сочинуваат и ја создаваат пластичноста на авторската визија. Линијата на *мекоста,* како појавност на мислата и како склоп на авторската рака, ги доведува овие изложени творби да бидат заводливи до одреден степен на гламурозната леснотија. Допирот на мекоста, во непосредната обработка на примарните скулптури, ја открива нивната темпоралност. За да ја задржи ликовната темпоралност, Мазневски употребува наслови за самите дела, кои во своите митски и изгубени созвучја го портретираат таквиот континуитет.

Иако, како што рековме, овие ракотворби се заводливи во сопствената оригиналност, тие се сепак асоцијативни во субјективната визија на авторот. Секако, независно од желбата за бројните можности на нивно толкување. Од друга страна, Мазневски продолжува и на оваа изложба да го негува чувствителното ликовно прашање што се однесува на денешните уметнички прикази/однесувања, а тоа е: каде се наоѓа разликата помеѓу формата на дизајнерскиот јазик, во која денеска се остварува надворешната содржина на современата „историја на уметноста“ и индивидуалниот творечки процес, кој верува во раката на својата посебност; односно, каде се случува присутноста на овие две наводно спротиставености.

Во секој случај авторскиот знак кај Мазневски, во нашата средина како и пошироко останува да биде максимално, конечно и еманципирано за оние што имаат очи да видат.

Оваа изложба ја потврдува *тактичната* сложеност во задоволствата на „стилското повторување без почеток“ кај Антони Мазневски.

Аеро Галерија
Александра Буѓевац



aero GALERIA

Димитрија Чуповски 2, 1000 Скопје, Р.Македонија • Тел.: ++ 389 2 11 53 33